# ГОДИШЕН ПЛАН
# НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ
# ЗА 2019 ГОДИНА

Врз основа на член 62 став 3 од Законот за класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија“ број 09/2004, 113/2007, 145/2010, 80/2012, 41/2014, 21/2018 и 83/2018), директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, донесе

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА 2019 ГОДИНА

## ВОВЕД

Заштитата на класифицираните информации, *како еден од столбовите на националната безбедност* и како фактор на респектибилност во меѓународната соработка во борбата против глобалните закани како што се тероризмот и организираниот криминал, претставува воспоставување на комплексен и одржлив систем на мерки и активности сврзан со висока професионалност и посветеност. Заштитата на класифицираните информации е многу сложен предизвик, бидејќи заканите и ризиците за нивно компромитирање продолжуваат да се зголемуваат и стануваат поконкретни и пософистицирани. Комбинацијата од зголемени закани и зголемените побарувања за пристап до класифицирани информации значително го зголемува ризикот од безбедносни нарушувања и компромитирања.

Целосно свесни за одговорноста што ја носи како единствен законски надлежен авторитет од овој вид во Република Македонија чијашто цел е ублажување и/или отстранување на заканите и ризиците, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (во натамошниот текст: Дирекцијата) *настојува да изгради систем на безбедносно сообразени корисници на класифицирани информации* со што неделиво е поврзана и специфична логистика за одржување на безбедносните стандарди. Во функција на поефикасно спроведување на националната и ЕУ и НАТО безбедносна политика, како и во насока на обезбедување подложност на контрола и надзор, органите на државната управа, институциите и другите правни лица се должни да создадат услови неопходни за заштита на класифицирани информации и да преземат мерки за елиминирање на негативните последици во случај на откривање на класифицираните информации. На тој начин е создадена мрежа на регистри и овластени лица, односно пирамидален систем кој треба да ја обезбеди заштита на класифицираните информации.

Движејќи се на линијата на евроатлантските интегративни процеси Република Македонија, а со оглед на променливоста на заканите и ризиците за компромитирање на класифицираните информации, Дирекцијата во својство на *Национален безбедносен авторитет,* настојува да ја спроведува безбедносната политика во согласност со безбедносни стандарди на НАТО/ЕУ преку преземање мерки и

активности за ***административна, физичка, информатичка и индустриска безбедност, како и безбедност на лицата корисници на класифицирани информации.*** Овие мерки се потребни за да се зголеми подготвеноста на институциите за превенција и пресретнување на сите видови на закани за безбедноста на класифицирани информации.

## БЕЗБЕДНОСНА ОРГАНИЗАЦИЈА, ЛЕГИСЛАТИВА И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

### *Безбедносна организација*

Согласно определбите и заложбите за континуирано спроведување на НАТО и ЕУ безбедносните политики, во текот на 2019 година Дирекцијата ќе продолжи со следење на важечката легислатива од евроатланските структури, со доследна примена на истата и со преземање понатамошни чекори заради целосна заштита на НАТО и ЕУ класифицираните информации отстапени на користење на Република Македонија.

Во контекст на воспоставениот регистарски систем за заштита на класифицирани информации, во 2019 година во континуитет ќе продолжат активностите за обезбедување на безбедносните стандарди за ракување со класифицирани информации во оние државни органи, институции, јавни и приватни компании коишто се составен дел од тој систем. Согласно потребите, ќе продолжат и активностите за определување на овластени лица/офицери за безбедност од страна на институциите, а Дирекцијата активно ќе биде вклучена во активностите за нивно обучување. При спроведувањето на обуките, акцент ќе биде ставен на новините во легислативата, доследното следење на воспоставените процедури и соодветната примена на безбедносните мерки и стандарди, вклучувајќи го определувањето на соодветниот степен на класификација на информацијата, односно „реалната класификација на информациите" со цел пропорционално вложување во човечки и материјални ресурси и обезбедување транспарентност во институционалното работење.

Во услови на ограничени буџетски средства, Дирекцијата и во 2019 година ќе се фокусира кон искористување на одредени поволности од претпристапните инструменти на ЕУ, од партнерските служби и ќе бара други можности за едукација на персоналот. Заради постигнување поголема препознатливост во национални и меѓународни рамки, а пред сè заради развивање на институционалните капацитети (човечки, материјални, технички), Дирекцијата посветено ќе работи на создавање нови партнерства, проектни задачи и други облици на соработка со конституенти од државниот, приватниот, невладиниот сектор како и со академските установи и претставништва на меѓународни организации во земјата.

### *Легислатива*

Како резултат на реализираните активности во 2018 година за воведување измени во легислативата што ја регулира безбедноста на класифицираните информации, национални и странски што се отстапени на користење на Република Македонија, акцентот на работата на Дирекцијата во текот на 2019 година ќе биде ставен на заокружување на постапката за донесување на новиот Закон за класифицирани информации и на подзаконските акти што произлегуваат од него. Тука првенствено се подразбираат активностите за спроведување на предвидените фази од процедурата за донесување на законот со европско знаменце, како и активностите за измена на постојните и за донесување на новите подзаконски акти во рамките на законски предвидениот рок.

Во контекст на донесувањето на новите подзаконски акти, Дирекцијата ќе даде посебен придонес во работата на меѓуинституционалната Работна група за криптозаштита којашто ќе има за цел да ја изработи уредбата со којашто ќе се уреди системот за криптозаштита во Република Македонија.

Во насока на доследна примена на важечката регулатива за безбедност на класифицирани информации, во текот на годината Дирекцијата ќе ги следи постапките за донесување нови закони и за воведување измени во постојните закони на други органи на државната управа коишто содржат одредби за класифицирани информации. Со цел да се обезбеди високо ниво на усогласеност на релевантните национални закони со Законот за класифицирани информации и придружните подзаконски акти, согласно потребата, Дирекцијата ќе иницира постапки за усогласување на законите.

Во 2019 година, како резултат на тековите во евроатлантските интеграции на земјата, ќе продолжат активностите за изработка на национални референтни листи на безбедносна опрема во кои би можеле да се вклучат и производи од национални сертифицирани производители, во насока на поддршка на бизнис секторот и поттик за подигање на националните стандарди.

### *Човечки ресурси*

Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во 2019 година како приоритетна задача го поставува зајакнувањето со професионални кадри на ниво на Дирекцијата, со особен акцент на пополнување на работната позиција раководител на Одделението за финансиски прашања, секако притоа почитувајќи ги сите законски обврски што произлегуваат од Законот за административни службеници и од Законот за вработените во јавниот сектор, со цел непречено, ефикасно и ефективно извршување на сите работни задачи и цели на Дирекцијата.

Во таа насока се и активностите поврзани со унапредувања и со распоредувања на административните службеници во Дирекцијата.

Одделението за управување и развој на човечки ресурси и во 2019 година навремено ќе ги презема активностите што произлегуваат од функциите на управување со човечките ресурси, пред сè, изработка на Годишниот план за вработување во Дирекцијата, на Годишниот план за обуки на административните службеници како и на Полугодишен и Годишен извештај за реализирани обуки, План за годишни одмори на вработените за 2019 година, како и изработка на решенија за потребите на вработените по сите основи.

Во тековната 2019 година ќе се продолжи со навременото ажурирање на податоците на електронската евиденција во системот на HRMIS.

Одделението за управување и развој на човечки ресурси во 2019 година ќе врши номинација на вработените на обуки, ќе води евиденција за посетеноста и за ефектите од посетените обуки, при што особено ќе се води сметка за имплементирање на новите знаења стекнати на истите. Во доменот на организирањето и спроведувањето обуки, ќе се продолжи со користење на апликацијата за Микроучење и на апликацијата за системот за управување со учењето (СУУ), а ќе се преземат и активности за развој на нови курсеви и организирање обуки што ги вршат вработените од Дирекцијата за корисниците на класифицирани информации.

Како редовна активност е оценувањето на ефектот на административните службеници, процес што трае континуирано во текот на целата година. Ќе продолжат и активностите поврзани со упатување на вработени во мисиите на Република Македонија при НАТО и во ЕУ Брисел, потоа ќе се води евиденција за правична застапеност на припадниците на заедниците во Република Македонија за потребите на Народниот правобранител и на други државни органи.

Одделението редовно ќе ги запознава вработените со новините од Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор, како и со подзаконските акти што произлегуват од нив, и секако ќе ги изработува актите за систематизација, односно Правилникот за систематизација на работните места и Правилникот за внатрешна организација. За 2019 година планирана е изработка и на функционална анализа, со цел согледување на потребите од кадровски зајакнувања на одредени одделенија и работни позиции. Како редовни активности на Одделението е и соработката со Фондот за здравствено осигурување (ФЗО) и со Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (ПИОМ).

Во првото тримесечје во 2019 година во Дирекцијата ќе биде имплементиран ЦАФ моделот што е законска обврска за сите органи на државната управа.

## АДМИНИСТРАТИВНА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Во Одделението за странски класифицирани информации како главни цели за работа на годишно ниво ќе бидат: законито ракување , чување , дистрибуција на класифицирани и некласифицирани странски и домашни информации до крајните корисници, како и архивирање и уништување на непотребните и сите други за кои се оценило дека нема повеќе потреба од нивно чување. За реализација на ваквите цели и за оваа година ќе се ангажираат сите вработени во одделението согласно нивните работни задачи и обврски. За побрзо и поефективно ракување со класифицираните информации останува приоритетот за набавка на криптографска комуникациско-информатичка.

Правилното ракување со класифицирани информации останува како императив во работењето на сите субјекти во државата. Во таа насока Одделението за странски класифицирани информации и понатаму ќе продолжи со заложбите за давање стручна помош на сите корисници на класифицирани информации од доменот на административната безбедност во текот на целата година преку презентации, обуки советувања и слично.

Во рамките на редовните годишни активности, Одделението за странски класифицирани информации предвидува преглед и одбир на архивската граѓа и документарниот материјал за 2016 година. Се предвидува изработка на соодветни пописни листи и потврди за уништување на одбраниот документарен материјал како и уништување на истиот согласно прописите за уништување на класифициран и некласифициран материјал. Со оглед дека процесот за архивирањето и уништувањето на класифицираниот материјал е редовна активност и за регистрите на Дирекцијата, Одделението за странски класифицирани информации ќе зема активно учество во текот на реализацијата со испраќање на свои вработени како членови на комисиите за архивирање.

Во текот на 2019 година Одделението за странски класифицирани информации со своите капацитети за работа од доменот на административната безбедност активно ќе учествува и ќе постапува по барања од разни субјекти за мислења за закони, правилници, упатства, интерни акти и други акти во врска со административната безбедност на класифицираните информации. Како дел од секоја годишна програма, За потребите на Дирекцијата, Одделението за странски класифицирани информации во 2019 година доколку биде потребно ќе учествува во изработување (ажурирање) на листа на архивски знаци за распоредување на актите за 2020 година.

Заради стручно усовршување и надградување, а согласно потребите за континуирано учење на работното место, предвидено е вработените од Одделението

за странски класифицирани информации во 2019 година согласно Годишниот план за обуки ќе посетуваат специјализирани обуки од доменот на безбедноста на информациите, учење преку системот за микроучење како и индивидуално стручно усовршување.

Заради целосна реализација на целите и задачите, Одделението за странски класифицирани информации ќе изработува годишни и месечни планови за работа, како и годишни и месечни извештаи за реализација на планираните активности.

## ФИЗИЧКА БЕЗБЕДНОСТ

Во делот на физичката безбедност на класифицираните информации во 2019 година акцент ќе биде ставен на зголемување на бројот на обуки во државните органи, како и во приватните компании, со цел детално запознавање на корисниците со неопходноста од правилната проценка на применетите мерки за заштита на класифицираните информации.

Во измените на подзаконските акти кои се планираат да бидат донесени во текот на 2019 година ќе бидат имплементирани позитивните искуства од земјите членки на Европската Унија, кои се во насока на подобрување на подзаконската регулатива во делот на физичката безбедност.

Во делот на одржувањето на воспоставените стандарди за физичка безбедност во Дирекцијата, и на нивна соодветна надградба, ќе биде ставен акцент на детектирање на потребите од надградба на постојните системи во Дирекцијата, поради НАТО интегративните процеси и обврските кои произлегуваат Планот за спроведување на процесот за пристапување на Република Македонија во НАТО сојузот. Одржување и унапредување на безбедносните стандарди во институциите и во приватните компании каде што се ракува со класифицирани информации ќе продолжи и во 2019 година. Истата обврска со планот за пристапување во НАТО важи и за останатите органи кои е потребно да го водат НАТО интегративниот процес.

И во 2019 година се очекува Одделението за физичка безбедност да има доста активна улога во спроведувањето на безбедносната политика на Дирекцијата. Проактивната улога на Одделението за инспекциски надзор , како и обврските кои произлегуваат од нивната работа и во текот на 2019 година ќе бидат на линија на давање на стручна помош на органите и институциите во спроведувањето на законската регулатива. Одделението ќе работи на иста линија и со Одделението за информатичка безбедност во процесот на акредитација на комуникациско-информациски системи (КИС).

Покрај поддршката на работењето на Одделението за информатичка безбедност и Одделението за инспекциски надзор, Одделението за физичка безбедност ќе продолжи во континуитет да дава поддршка и на процесот на

сертификација на правните лица корисници на класифицирани информации, во соработка со Одделението за индустриска безбедност.

Претставници од Одделението за физичка безбедност ќе ги водат процесите за имплементација на ЦАФ моделот, како и изработката на функционалната анализа за систематизацијата на работните места во Дирекцијата. Имплементацијата на овие 2 (два) процеса ќе ја подобрат работата на самата институција

И во 2019 година ќе продолжи активното учество на вработените од одделението во меѓу институционалните проекти, од доменот на физичката безбедност на класифицирани информации. Заради зајакнување на човечките ресурси, а согласно потребите за континуирано учење на работното место, предвидено е вработените од Одделението за физичка безбедност во 2019 година да посетуваат специјализирани обуки од доменот на физичката безбедност на класифицираните информации.

## БЕЗБЕДНОСТ НА ЛИЦА КОРИСНИЦИ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Во делот на безбедноста на лица корисници на класифицирани информации во текот на 2019 година ќе се врши прием и обработка на барањата за вршење на оперативни проверки, издавање безбедносни сертификати за физички лица и дозволи за пристап до класифицирани информации како и континуирана комуникација и координација на работата со овластените лица од државните органи, институциите, јавните и приватните компании. Воедно, во текот на целата година ќе се преземаат активности за редовно брифирање и ребрифирање на лицата кои добиваат, односно поседуваат безбедносен сертификат.

Во периодот ноември-декември 2019 по посебен план ќе се изврши ребрифирање на овластените лица за класифицирани информации од државните органи и институции, јавните претпријатија во Република Македонија, како и годишно ребрифирање на вработените во Дирекцијата.

Заради континуитет и контрола на постоење на безбедносен ризик за лицата кои поседуваат безбедносен сертификат, до службите редовно на шест месеци ќе се доставуваат извештаи за издадени безбедносни сертификати. Исто така во текот на целата година ќе се следи состојбата со законските рокови за извршување на оперативни безбедносни проверки и ќе се интервенира кај одговорните служби за завршување на постапките.

Во текот на 2019 година ќе се имплементираат на безбедносните политики за безбедност на класифицирани информации и спроведување на процедури за издавање на безбедносни сертификати, исто така ќе се организираат разни формати

на соработка со безбедносните служби како што се советодавни состаноци, работилници, семинари, работни групи од областа на персоналната безбедност.

Во текот на 2019 година во континуитет ќе се одвиваат безбедносните подготовки на лицата кои заминуваат на работа во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија во странски земји.

## ИНДУСТРИСКА БЕЗБЕДНОСТ

Искуствата од претходната година и зголемениот интерес за индустриската безбедност на класифицирани информации укажуваат на потребата за интензивирање на активностите во овој домен во 2019 година. Тоа подразбира вклучување на Дирекцијата при подготовката на постапката за објавување класифицирани тендери на државните органи и на јавните претпријатија и во процедурите предвидени во тендерските услови, како и во изработката или давање мислења за безбедносните аранжмани при склучување класифицирани договори.

Еден од приоритетите во доменот на индустриската безбедност на класифицираните информации во 2019 година ќе биде контролата на условите за чување и работа со класифицирани информации и издавање безбедносни сертификати за правни лица за учество на класифицирани тендери и класифицирани национални и меѓународни договори. Од тие причини се планираат редовни и вонредни инспекциски надзори во приватните компании за обезбедување на неопходните стандарди за ракување со класифицирани информации.

Приоритет во доменот на индустриската безбедност на класифицираните информации во 2019 година е обука на овластените лица од државните органи и други правни лица во Република Македонија во доменот на индустриската безбедност.

И во оваа година акцентот во работата на Дирекцијата во овој домен на безбедноста на класифицираните информации ќе биде ставен на обезбедувањето услови за можно учество на македонски фирми на класифицирани тендери на НАТО и на ЕУ. Како резултат на тоа, ќе зајакне улогата на националното тело за НАТО и за ЕУ класифицирани тендери/договори (NDnA).

## ИНФОРМАТИЧКА БЕЗБЕДНОСТ

Во текот на 2019 година се очекуваат интензивни активности во доменот на информатичката безбедност на класифицираните информации. Во делот на легислативата, се очекува усвојување, од страна на Собранието на Република Македонија, на новиот Закон за класифицирани информации. По усвојувањето на

новиот Закон за класифицирани информации ќе следи донесување на нова Уредба за безбедност на комуникациско-информациски системи (КИС) и на нова Уредба за криптозаштита која ќе биде изработена во координација со сите учесници во националниот систем за криптозаштита. Двете наведени Уредби ќе бидат во согласност со сродните документи на НАТО/ЕУ со што во целост би се ажурирала легислативата во оваа област.

Одделението за информатичка безбедност и комуникациско-информатичка поддршка во 2019 година ќе продолжи да работи во насока на целосно исполнување и подигнување на стандардите за информатичката безбедност во согласност со измените на безбедносните политики на НАТО/ЕУ и директивите за информатичка безбедност. Во тие рамки,а во согласност и со националната регулатива, и понатаму во континуитет ќе се врши редовна проверка, одржување, ажурирање и надградба на комуникациско-информатичките системи во Дирекцијата. Надградбата на системите со нови сервиси и пософистицирани средства е директно врзана со расположливите средства за буџетската 2019 година.

Дирекцијата, како авторитет задолжен за спроведување на безбедносните политики на НАТО/ЕУ и во текот на 2019 година, согласно регулативите на НАТО/ЕУ, ќе продолжи да ја исполнува обврската за одржување на постојните системи во мрежата за размена на странски класифицирани информации во Дирекцијата и во регистрите за странски класифицирани информации во останатите институции.

Националното тело за безбедност на комуникациите (NCSA), ќе продолжи во континуитет, и по појавена потреба да ја остварува својата улога на надзор врз безбедноста на комуникациите на системите на поединечни државни органи за размена на класифицирани информации со странски субјекти и спроведување на договорените процедури. Исто така, се планира унапредување на соработката со Националното тело за дистрибуција на криптоклучеви (воспоставено во МВР) заради развивање на националните капацитети во оваа област.

За 2019 година е планирано интензивирање на активностите за безбедносна акредитација на комуникациско-информатичките системи низ кои се процесираат класифицирани информации во државните институции. Во текот на 2019 година се очекува да се изврши безбедносната акредитација во Народна банка на Република Македонија и Агенцијата за разузнавање на Република Македонија, како и да продолжи соработката со Генералштабот на Армијата на Република Македонија со цел подготовка на неопходната документација за безбедносна акредитација на повеќе комуникациско-информациски системи низ кои се процесираат класифицирани информации во истоимената институција.

Во однос на комуникациско-информациските системи, во Дирекцијата и во клучните министерства и институции, во кои ќе се обработуваат и пренесуваат НАТО класифицирани информации во електронска форма, ќе се започне со постапката за нивна безбедносна акредитација со цел исполнување на предвидените безбедносни

стандарди и услови за членството во НАТО. Паралелно со безбедносната акредитација, Националното тело за акредитација, коешто функционира во рамките на Дирекцијата, ќе пристапи кон изработка на препорачана листа за хардверска опрема и софтвер кои ќе можат да се користат во националните класифицирани комуникациско-информациски системи. Во таа насока се планираат и интензивни контакти со водечките информатички компании во Република Македонија коишто се занимаваат со продажба на хардвер, како и посета на светски саеми на кои се презентираат најновите достигнувања во хардверскиот и софтверскиот дел, а со цел следење на новите технолошки трендови, нивно тестирање и евентуално акредитирање за користење во класифицирани комуникациско-информациски системи.

Во однос на ТЕМПЕСТ сегментот, како еден важен дел во информатичката безбедност, Дирекцијата во 2019 година ќе продолжи активно да работи на обезбедување на потребните финансиски средства за набавка на опрема за зонирање на објекти во коишто се процесираат класифицирани информации во комуникациско-информациски системи, како и заштитна комора за тестирање на комуникациско-информацискисредства во кои се процесираат класифицирани информации. Со ова би се придонело во унапредување и подигање на степенот на безбедност на класифицираните информации во сите државни институции во Република Македонија и намалување на нивните финансиски трошоци за набавка и одржување на ТЕМПЕСТ опрема.

Во однос на функционирањето на националните тела за безбедност на комуникациско-информатичките системи (Национално тело за безбедност на комуникациите (NCSA), Национално тело за безбедносна акредитација (SAA), Националното тело за дистрибуција на криптоклучеви (NDA), Националниот ТЕМПЕСТ Авторитет) предвидено е во 2019 година да се заврши со нивното идентификување и воспоставување и ќе се преземат мерки и активности за нивно соодветно кадровско екипирање.

Во однос на сајбер безбедноста на класифицираните информации Дирекцијата во својот Стратешки план за периодот од 2018 до 2020 година, како дел од стратешките цели и приоритети, го има предвидено и унапредувањето на степенот на заштита на националните мрежи низ кои се процесираат класифицирани информации по електронски пат и нивна заштита од сајбер напади. Како конкретна цел во остварувањето на својата стратешката цел број 1 Дирекцијата ја има предвидено сајбер безбедноста и подигнувањето на нивото на свест во оваа област.

Во таа насока во текот цела 2019 година Дирекцијата активно ќе работи на обезбедување на ефикасен систем за заштита на класифицираните информации во сајбер просторот преку континуирано унапредување на степенот на заштита од сајбер напади и сајбер шпионажа на националните системи и мрежи низ кои се процесираат класифицирани информации како и подигнување на нивото на свест за

сајбер безбедност кај корисниците на класифицирани информации. Наведената активност е во склад и со обврските на Дирекцијата во реализацијата на Акцискиот план за имплементација на Националната стратегија за сајбер безбедност на Република Македонија за 2018-2022 година. Дополнително Дирекцијата како соработник ќе земе активност и во изработката на Стратегијата за сајбер одбрана, како и во развојот на други национални политики, процедури и инструкции од полето на сајбер одбраната.

Во рамките на подобрување на условите во работата на Дирекцијата, во 2019 година ќе се продолжи со унапредување, надградба, администрирање и одржување на единствениот комуникациско-информацискисистем во Дирекцијата за класифицирани информации базиран на SOA (Service Oriented Architecture) преку кој на вработените во Дирекцијата ќе им бидат овозможени нови сервиси и услуги за потребите во нивното работење. Паралелно со имплементација на комуникациско-информатичкиот систем ќе се пристапи кон подготовка на потребната документација за негова безбедносна акредитација.

Својата активна улога на Национален безбедносен авторитет во одржувањето и развојот на информатичката безбедност во Република Македонија, Дирекцијата ја врши и преку давање на континуирана стручна помош и мислење во изработка на стручни решенија, донесување на акти сврзани со оваа материја и континуирани обуки на корисниците на класифицирани информации, што се предвидува да продолжи и во 2019 година.

## ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Во 2019 година, во делот на вршењето на инспекцискиот надзор на работата со класифицирани информации, вршењето на надзорот во целост ќе се спроведува во согласност со Законот за инспекциски надзор, Законот за општа управна постапка и Законот за прекршоците. За вршење инспекциски надзор во државните органи и органите на државна управа, правосудните органи, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите од значење за заштитата, користењето и меѓународната размена на класифицираните информации и други правни и физички лица, во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, во Секторот за општи и правни работи постои Одделение за вршење на инспекциски надзор на безбедноста на класифицирани информации. Надзорот ќе го вршат овластените лиценцирани инспектори за безбедност на класифицирани информации.

Основна задача на инспекторите е да придонесат во изградбата на ефикасен и одржлив систем за заштита на националните класифицирани информации и на странските класифицирани информации кои и се отстапени на користење на Република Македонија, постојано унапредување на овој систем, воспоставување

високо ниво на безбедносна култура и на капацитети за заштита на класифицирани информации кај субјектите кој се предмет на инспекциски надзор и воспоставување и континуирано унапредување на систем за заштита на класифицирани информации како и оневозможување на секаков вид незаконски пристап и навремено преземање мерки и санкции заради намалување или отстранување на последиците од незаконско ракување со класифицирани информации.

Вршењето на инспекцискиот надзор во 2019 ќе се врши согласно донесената Годишна програма, одобрена од Инспекцискиот совет на Република Македонија, како и согласно кварталните планови. Инспекцискиот надзор над работата со класифицирани информации ќе се врши во две сфери. Првиот се однесува на контролата над ракувањето со НАТО/ЕУ класифицирани информации и се врши од страна на надлежните служби на НАТО и на ЕУ со посредство на Дирекцијата и согласно постојните меѓународни договори.

Втората сфера од инспекцискиот надзор се однесува на инспекциите коишто Дирекцијата преку овластените инспектори ги спроведува во органите на државната управа, регистрите на Дирекцијата и во други субјекти од јавен интерес во земјата заради утврдување на условите за работа со странските и со националните класифицирани информации. Во текот на 2019 година Дирекцијата ќе продолжи да спроведува редовни и контролни инспекциски надзори согласно годишните и кварталните планови, како и вонредни инспекции по дојава.

Инспекциските надзори за 2019 година, за разлика од претходната година ќе бидат зголемени во обем а се со цел да се придонесе во изградбата на ефикасен и одржлив систем на заштита на националните и странските класифицирани информации отстапени на користење на Република Македонија, негово постојано унапредување, воспоставување на високо ниво на безбедносна култура и на капацитети за заштита на класифицираните информации.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Соработката на Дирекцијата со националните безбедносни авторитети на странски земји и со други организации и сродни служби ќе продолжи со несмален интензитет и во текот на 2019 година. Воедно, ќе продолжат и активностите за склучување билатерални спогодби за размена и заемна заштита на класифицирани информации на ниво на Влада, преку организирање и предводење на преговорите за склучување билатерални спогодби од доменот на заштитата на класифицираните информации.

Притоа, акцент ќе биде ставен на активностите за заокружување на процесот на билатерални преговори со Националниот безбедносен авторитет на САД и за

потпишување на билатералната спогодба во текот на годината, како и на активностите за потпишување на билатералната спогодба со Црна Гора. Во однос на веќе покренатите иницијативи за поблиска соработка со Белгија, со Норвешка, со Холандија, со Португалија, со Финска и со Израел, активностите за започнување билатерални преговори за склучување спогодби на владино ниво во доменот на размената и заемната заштита на класифицирани информации во текот на годината ќе бидат приоритетизирани согласно интегративните процеси на земјата.

Во контекст на регионалната соработка, во 2019 година Дирекцијата ќе продолжи да го дава својот придонес во иницијативите за соработка на националните безбедносни авторитети на земјите од регионот. Тоа подразбира учество на годишните средби на раководителите на националните безбедносни авторитети и на работилниците и работните состаноци на експертите за безбедност на класифицирани информации во Форумот за соработка на националните безбедносни авторитети од Југоисточна Европа (SEENSA) и во Иницијативата за соработка на националните безбедносни авторитети на шест држави од поранешна Југославија - 6S.

Врзано за евроинтеграциските процеси на Република Македонија во коишто Дирекцијата е активен носител на активностите во доменот на безбедносните прашања, во текот на 2019 година Дирекцијата ќе продолжи активно да учествува во меѓуинституционалните активности за изработка на стратешките документи врзани за подготовките на земјата за членство во НАТО и во ЕУ. Притоа, ќе продолжи да ја развива соработката со надлежните служби на НАТО и на ЕУ коишто ја следат имплементацијата на безбедносната политика во доменот на заштитата на класифицираните информации во Република Македонија.

Соработката со НАТО пред сè ќе вклучи активности што произлегуваат од пристапните разговори за членство на Република Македонија во Алијансата, како и подготовки и реализација на најавената инспекциска посета од страна на НАТО Канцеларијата за безбедност во текот на месец февруари, додека во рамките на активностите за унапредување на соработката со ЕУ, ќе продолжи комуникацијата со Министерството за одбрана во врска со покренатата иницијатива за склучување Административен аранжман со Европската агенција за одбрана.

Соработката со Европската комисија во контекст на користењето на инструментот TAIEX за организирање настани во земјата со учество на претставници на ЕУ земји членки и студиски посети на претставници на Дирекцијата на националните безбедносни авторитети на земји членки на ЕУ со цел размена на искуства и стекнување дополнителни знаења од доменот на безбедноста на класифицираните информации со несмален интензитет ќе продолжи и во текот на 2019 година.

Исто така, во наредната година ќе продолжи и соработката со Мисијата на ОБСЕ во Скопје и со Центарот за Демократска контрола врз вооружените сили

(Democratic Control over the Armed Forces - DCAF) од Женева во доменот на владеењето на правото т.е. во контекст на реализација на активности врзани за имплементацијата Законот за класифицирани информации и соодветна обука на корисниците на класифицираните информации.

Во текот на 2019 година во континуитет ќе се одржуваат воспоставените контакти со националните безбедносни авторитети на земјите од Европа и пошироко, а ќе бидат покренати и иницијативи за воспоставување нови контакти со сродни служби на земјите за коишто ќе биде пројавен интерес за поблиска соработка.

## УЧЕСТВО ВО РАБОТАТА НА МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНИ ТЕЛА И ДРУГИ ИНИЦИЈАТИВИ

Учеството на претставниците на Дирекцијата во експертските работни групи за изработка на документи од стратегиско значење за интеграцијата на Република Македонија во НАТО и ЕУ, како и во националните меѓуинституционални проекти и иницијативи насочени кон изработка на нова и кон усогласување на постојната законската регулатива останува еден од приоритетите на Дирекцијата во 2019 година.

Во тој контекст, во текот на 2019 година Дирекцијата активно ќе учествува во работата на Комитетот за интеграција на Република Македонија во НАТО и на Работниот комитет за интеграција на Република Македонија во НАТО во насока на изработката и следењето на имплементацијата на Програмата за продолжување на реформите на Република Македонија, сврзана со процесот на пристапување кон НАТО. Во однос на интегративните процеси со ЕУ, Дирекцијата ќе продолжи дава активен придонес во Работната група за заедничка, безбедносна и одбранбена политика (РГ-НБОП) за изработка на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА).

Исто така, во 2019 година Дирекцијата ќе продолжи и со своето активно учество во националните меѓуинституционални проекти на експертско ниво и работни координативни групи за унапредување и усогласување на легислативата заради јакнење на институционалните капацитети.

## ОБУКА И СОВЕТОДАВНА ПОМОШ НА КОРИСНИЦИТЕ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Согласно законската обврска за обука на корисниците на класифицирани информации, во 2019 година Дирекцијата ќе продолжи да презема активности за обучување на своите вработени и за обучување на корисниците на класифицирани

информации во органите на државната управа и институциите, во јавните претпријатија и во други правни лица во земјата.

Во тој контекст, во текот на годината е предвидено да се реализираат пет активности со поддршка на TAIEX инструментот на Европската комисија наменети за стручно усовршување на вработените во Дирекцијата и на овластените лица за безбедност на класифицирани информации во државните органи и институции, како и во јавни и приватни правни лица.

Стручното усовршување на вработените во Дирекцијата во 2019 година ќе продолжи да се се врши преку нивно учество на работилници, на семинари и на конференции организирани од страна на државни органи и институции од земјата, но и од НАТО, од ЕУ, од нивните земји членки или од националните безбедносни авторитети на други земји со коишто Дирекцијата остварува билатерална соработка. И во 2019 година ќе продолжи учеството на претставници на Дирекцијата на обуки сврзани со Европската заедничка надворешна и безбедносна политика согласно програмата за обуки на Европскиот одбранбен колеџ, потоа на обуки во рамките на Индивидуалната програма за партнерство и соработка (ИППС) во координација на Министерството за одбрана, како и на обуки од Академскиот календар на Европскиот центар за безбедносни студии „Џорџ С. Маршал" во Гармиш-Партненкирхен, Германија, во координација и со поддршка на Канцеларија за соработка во одбраната на Американската амбасада во Скопје.

Воедно, согласно програмата на Министерството за информатичко општество и администрација, вработените во Дирекцијата активно ќе ги следат и ќе учествуваат во обуките за административни службеници.

Во текот на годината, Дирекцијата ќе организира и ќе спроведува обуки за корисниците на класифицирани информации во земјата. Така, во континуитет ќе продолжат обуките за овластените лица/офицерите за безбедност во државните органи, институции и други јавни и приватни правни лица од сите области на заштитата и безбедноста на класифицираните информации. И во 2019 година, според потребите, ќе се вршат редовни обуки за подготовка на лицата коишто заминуваат на служба во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија во странство.

Во рамките на договорената соработка со Центарот за Демократска контрола врз вооружените сили (DCAF) од Женева, во 2019 година Дирекцијата ќе земе активно учество во програмата за обука на вработените во собраниските служби и членовите на Парламентот за ракување со класифицирани информации.

Дирекцијата ќе продолжи и со поединечните обуки на барање на правните лица во земјата, а со оглед на зголемениот интерес за работа со класифицираните информации, во тековната 2019 година Дирекцијата ќе иницира и обуки во сите области каде што за тоа ќе се пројави потреба.

Составен дел на Годишниот план за 2019 година е и Табеларниот преглед на оперативниот план на активности на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во 2019 година.

Овој годишен план влегува во сила со денот на објавувањето на веб страницата на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, а ќе се објави по усвојувањето од страна на Владата на Република Македонија.

Директор

Стојан Славески